***ТЕАЛ АД ТЕТОВО***

***Одбор на директори***

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**За работењето на ТЕАЛ АД Тетово во 2024 година**

*Тетово Мај 2025*

**СОДРЖИНА**


| Опис | Страна |
|---|---|
| Порака на Извршниот член на Одборот на директори | 3 |
| 1. Општи информации | 3 |
| 2. Главни фактори и околности коишто влијаеле на определувањето на работењето на друштвото | 4 |
| 2.1. Промени во опкружувањето во чии што рамки друштвото дејствува | 4 |
| 2.2. Одговор на друштвото на промените и нивното влијание | 4 |
| 3. Политика на вложување за одржување и за поддршка на успешноста во работењето на друштвото | 5 |
| 3.1. Политика на дивиденди | 5 |
| 3.2. Управување со ризикот на капиталот | 5 |
| 3.3 Извори на средства на друштвото | 5 |
| 3.4. Политика на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина | 5 |
| 4. Големи зделки и зделки со заинтересирана страна | 6 |
| 4.1. Големи зделки | 6 |
| 4.2. Зделки со заинтересирана страна | 6 |
| 5. Средства на друштвото чија што вредност не е одразена во билансот на состојба според меѓународните сметководствени стандарди | 6 |
| 6. Изгледите за идниот развој на друштвото и неговиот деловен потфат | 6 |
| 7. Активности во сферата на истражувањето и развојот | 6 |
| 8. Примања на Членовите на Органите на управување | 7 |
| 9. Посебни податоци | 7 |
| - Биланс на успех – Извештај за добивка и загуба – Извештај за сеопфатна добивка | 8 |
| - Биланс на состојба – Извештај за финансиската состојба | 9 |
| - Извештај за паричните текови | 10 |
| - Извештај за промени на главнината | 11 |
| - Индикатори | 12 |
| 10. Предлог за распределба на резултатот | 13 |

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# за работењето на ТЕАЛ АД Тетово
# во 2024 година

## Порака на Извршниот член на Одборот на директори

Во 2024 година ТЕАЛ АД Тетово работеше во согласност со своите утврдени стратешки и годишни цели, како и утврдената деловна политика.

ТЕАЛ АД Тетово во изминатата година својата активност ја остваруваше со извршување на основната дејност и нејзино унапредување за постигнување на подобри економски ефекти во своето работење.

Друштвото и во 2024 година произведуваше алуминиумски профили и легури за домашниот и странскиот пазар. Во најголем дел приходите ги оствари од својата основна дејност и истите се зголемени во однос на претходната година.

Најголеми купувачи во земјата се Термостил Даниел ДООЕЛ, Рецкос Транс, Отпад Охрид, Ферал Механика и други, додека од странство како поголеми купувачи се јавуваат ХБИС Груп Србија и Валмекс Србија.

Друштвото во текот на 2024 година имаше инвестиции во вредност од 417 илјади денари и продажба на деловен простор и гаражи со набавна вредност од 17.237 илјади денари.

Друштвото деловната 2024 година ја заврши со негативен финансиски резултат.

### 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

### *Назив*

*АД за производство на алуминиумски полуфабрикати и фабрикати ТЕАЛ Тетово со скратен назив ТЕАЛ АД Тетово е акционерско друштво, основано на 17.02.2006 година со единствен матичен број (ЕМБС) 4082044.*

***Дејност:***

*Основна дејност на Друштвото е 25.400 – Ковање и обликување метал и металургија на прав*

***Седиште:***

*Седиштето на друштвото се наоѓа на ул.Браќа Миладинови ББ во Тетово*

*Бројот на вработени на 31.12.2024 година изнесува 27 (2023:31).*

***Основачи и одговорност:***

Основачи на друштвото се акционери согласно акционерска книга на друштвото со следната структура:

| | |
|---|---|
| ***Назив на емисијата: ТЕАЛ ТЕТОВО ОБИЧНИ*** | ***Според Акционерска книга од Централен Депозитар за хартии од Вредност на 31.12.2024*** |
| ***Издавач:*** | ***АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА АЛУМИНИУМСКИ ПОЛУФАБРИКАТИ И ФАБРИКАТИ ТЕАЛ ТЕТОВО*** |
| ***Вид*** | *Обични акции* |
| ***Номинална вредност по ХВ:*** | *51.13 ЕУР* |
| ***Вкупен број на ХВ:*** | *58.334* |
| ***Вкупен номинален капитал:*** | *2.982.617,42 ЕУР* |
| ***Број на гласови:*** | *58.334* |
| ***Состојба:*** | *Активен* |
| ***Број на иматели*** | *208* |

*Овластувањата и одговорноста на акционерското друштво во правниот промет со трети лица е неограничено и за обврските одговара со целиот свој имот.*

*Лица овластени за застапување се Васил Чорбаџиев и Сотир Чорбаџиев – извршни директори без ограничување, додека неизвршни членови на Одборот на директори се Слободан Ивановиќ и Мичо Кулибанов.*

## 2. Главни фактори и околности коишто влијаеле на определувањето на работењето на друштвото

Во текот на 2024 година Друштвото оствари загуба во износ од 15.139 илјади денари. Загубата се должи на зголемените расходи во однос на претходната година, како и потешкотии во работењето како последица на економската и воената криза која владееше во целиот свет.

Во текот на 2024 година друштвото своето работење го темелеше на редовните дејности од производство на алуминиумски профили и траки.

### 2.1. Промени во опкружувањето во чиишто рамки друштвото дејствува

Во 2024 година опкружувањето во чиишто рамки работи друштвото имаше големи рефлексии на работењето во однос основната дејност. Општата намалена ликвидност и енормно зголемената инфлација во државата имаше влијание на редовната наплата на побарувањата од купувачите, а со тоа и на ликвидноста на друштвото. Продажбата се одвиваше вообичаено како и минатите години, со зголемување на приходите за 14% во однос на 2023 година, следено со раст на трошоците за 10% во однос на претходната година.

### 2.2. Одговор на друштвото на промените и нивното влијание

Со превземените мерки за подобрување на економичноста на работењето и соодветните односи со деловните банки друштвото редовно ја одржуваше ликвидноста и репутацијата на друштвото во однос на опкружувањето.

## 3. Политика на вложување за одржување и за подршка на успешноста во работењето на друштвото

Одржувањето на успешноста на работењето на друштвото, покрај со стабилните договори, како во делот на одобрување на основните така и во делот на другите активности, беше поткрепено и со подршка од страна на основачите на друштвото.

### 3.1. Политика на дивиденда

Друштвото не исплаќа дивиденда.

### 3.2. Управување со ризикот на капиталот

Ризикот од ликвидност, од зголемување на каматните стапки, како и ризикот од флуктуации на пазарот на капитал, постојано е присутен поради недоволната економска стабилност, како и поради актуелната политичка нестабилност во нашата држава. Но ние постојано централизирано ја управувавме ликвидноста и краткорочно обезбедувавме подршка од основачите за да во ниеден момент не дојде до ризик од блокирање од страна на доверители. Сите овие активности се во функција на обезбедување на принципот на континент преку настојување да се постигне оптимален баланс меѓу долговите и вкупната главнина.

### 3.3 Извори на средства на друштвото

Во 2024 година средства за тековно работење како и за тековно и инвестиционо одржување воглавно се користеа од редовните приходи. При користење на туѓи извори на средства, од менаџментот се води сметка да долгорочните кредити не ја загрозуваат ликвидноста, како и да не го нарушуваат односот на обврските и вкупните средства како и основната главнина на друштвото. Друштвото на крајот на 2024 година не е задолжено спрема деловните банки по ниту еден основ и не користи кредити.

### 3.4. Политика на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина

Раководството ја анализира капиталната структура на редовно ниво.

Показателот на задолженост на 31 декември 2024 и 2023 година е како што следи:

| | во илјади денари | |
|---|---|---|
| | **Тековна година** | **Претходна година** |
| Обврски по кредити | 0 | 0 |
| Пари и парични еквиваленти | 8.185 | 17.495 |
| Нето обврски (пари) | -8.185 | -17.495 |
| Вкупен капитал | 204.849 | 219.988 |
| % на задолженост | 0% | 0% |

## 4. Големи зделки и зделки со заинтересирана страна

### 4.1. Големи зделки

Согласно со Законот за трговски друштва во кој се дефинира поимот, голема зделка ги опфаќа трансакциите кои надминуваат 20% од сметководствената вредност на имотот на друштвото, определена врз основа на последните финансиски извештаи на друштвото.

### 4.2. Зделки со заинтересирана страна

Согласно со Законот за трговски друштва во кој се дефинира поимот – заинтересирана страна со која се опфатени сите трансакции (вклучувајќи без ограничување, заем, кредит, залог или гаранција) во која заинтересираната страна е член на орган на управување, вклучувајќи ги и раководните лица, или акционер на друштвото кој заедно со поврзаните страни поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите со право на глас на друштвото или лице кое има овластување да дава упатства на друштвото што се задолжителни, се смета за зделка со заинтересирана страна и се извршува од страна на друштвото во соодветна постапка.

Значи за заинтересирана страна се смета лице, негов застапник, сопружник, родители, деца, браќа и сестри од двајцата родители, родители посвоители, посвоени деца или некое друго лице поврзано со нив кое:

- е страна во таквата зделка, нејзин корисник, застапник или посредник во зделката
- поединечно или заедно поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите во правното лице кое е страна во зделката, нејзин корисник, застапник или посредник во зделката
- е член на органот на управување, односно на надзор на правното лице кое е страна во зделката, нејзин корисник или застапник, или е раководно лице во тоа правно лице.

## 5. Средства на друштвото чија што вредност не е одразена во билансот на состојба според меѓународните сметководствени стандарди

На 31.12.2024 година сите средства на Друштвото се признаени во Билансот на состојба на друштвото согласно со Меѓународните стандарди за финансиско известување кои се применуваат во Република Македонија.

## 6. Изгледите за идниот развој на друштвото и неговиот деловен потфат

Развојот на друштвото според остварувањата и планираните активности, воглавно ќе се одвива во иста насока и со иста динамика како и досега. Давањето на услугите ќе има иста динамика во согласност со договорите и одлуките на органите.

## 7. Активности во сферата на истражувањето и развојот

Друштвото нема издатоци за истражување и развој во нови технологии.

## 8. Примања на Органите на управување

Одборот на директори се состои од двајца извршни и три неизвршни членови. Надоместокот за членовите за учество во Одборот на директори изнесува 10.000 денари месечно. Поради неповолната економска стабилност и тешката финансиска состојба во која се наоѓа друштвото, надоместот за учество не е исплатен за целата 2024 година.

## 9. Посебни податоци

- Биланс на успех – Извештај за добивка и загуба – Извештај за сеопфатна добивка
- Биланс на состојба – Извештај за финансиската состојба
- Извештај за паричните текови
- Извештај за промена на главнината
- Индикатори

## 9.1. ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА ЗА ПЕРИОДОТ

*За годината што завршива на 31 декември 2024 и 2023 (во 000 денари)*

| Позиција | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 202.680 | 176.577 |
| Останати оперативни приходи (добивка) | 28 | 25 |
| Промени на залихите на готови производи и производството во тек | 8.434 | (31.037) |
| Потрошени материјали и ситен инвентар | 154.731 | 107.597 |
| Набавна вредност на стоки и материјали | 21.724 | 10.322 |
| Услуги со карактер на материјални трошоци | 6.157 | 4.814 |
| Трошоци за депрецијација и амортизација | 7.048 | 7.504 |
| Вредносно усогласување | - | 8.805 |
| Нематеријални трошоци од работењето | 8.109 | 8.105 |
| Останати трошоци од работењето од редовни активности | 10.854 | 1.089 |
| Плати и надомести | 17.859 | 18.068 |
| **Добивка/загуба од оперативно работење** | **(15.340)** | **(20.739)** |
| Финансиски приходи | 5.145 | 6.137 |
| Финансиски расходи | 4.945 | 6.125 |
| **Добивка/загуба пред оданочување** | **(15.139)** | **(20.727)** |
| Данок од добивка | - | - |
| **Добивка/загуба за годината** | **(15.139)** | **(20.727)** |
| Број на акции: | 58.334 | 58.334 |
| **Заработка (загуба) по акција (во парични единици)** | **(260)** | **(355)** |

## *9.2. ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА НА КРАЈОТ НА ПЕРИОДОТ*
***На 31 декември 2024 и 2023 (во 000 денари)***

| Позиција | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | |
| **Долгорочни средства** | **156.948** | **173.428** |
| Нематеријални средства | 59 | 30 |
| Материјални средства | 156.890 | 173.398 |
| **Тековни средства** | **59.176** | **51.704** |
| Залихи | 27.080 | 15.820 |
| Побарувања за аванси во земјата | 235 | 90 |
| Парични средства и еквиваленти на парични средства | 8.185 | 17.495 |
| Побарувања од купувачи | 12.700 | 14.979 |
| Побарувања од државата и други институции | 10.976 | 3.320 |
| | | |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **216.124** | **225.132** |
| | | |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | |
| **Капитал и резерви** | **204.849** | **219.988** |
| Запишан основен капитал | 182.517 | 182.517 |
| Ревалоризациона резерва | 53.491 | 53.491 |
| Резерви | 14.587 | 14.587 |
| Акумулирана добивка/загуба | (30.608) | (9.881) |
| Добивка (загуба) за финансиската година | (15.139) | (20.727) |
| | | |
| **Тековни обврски** | **11.276** | **5.144** |
| Обврски спрема добавувачи | 9.281 | 3.150 |
| Обврски за аванси депозити и кауции | - | 9 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 480 | 469 |
| Обврски према вработените | 937 | 938 |
| Останати краткорочни обврски и останати резервирања | 578 | 578 |
| | | |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | **216.124** | **225.132** |

## *9.3. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ ЗА ПЕРИОДОТ*

***За годината која завршува на 31.12.2024 и 31.12.2023 (во 000 денари)***

| Позиција | Тековна година | Претходна година |
|---|---|---|
| **Готовински текови од деловни активности** | **(26.086)** | **10.036** |
| Нето добивка/загуба после оданочување | (15.139) | (20.727) |
| Амортизација | 7.048 | 7.504 |
| Амортизација на продадени материјални средства | (7.345) | - |
| **Промени - Зголемување/намалување на :** | | |
| Залихи | (11.261) | 30.276 |
| Побарувања од купувачи | 2.280 | (3.172) |
| Побарувања за дадени аванси на добавувачи | (146) | 340 |
| Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати) | (7.656) | 1.938 |
| АВР | - | 42 |
| Обврски спрема добавувачи | 6.131 | (2.682) |
| Обврски за аванси, депозити и кауции | (9) | (3.371) |
| Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести за плата | 11 | (28) |
| Обврски кон вработените | (1) | (69) |
| ПВР | - | (16) |
| **Готовински текови од инвестициони активности** | **16.776** | **-** |
| Директни набавки на нематеријални и материјални средства | (460) | - |
| Продажба и расход на материјални и нематеријални средства | 17.237 | - |
| **Готовински текови од финансиски активности** | **-** | **-** |
| **Зголемување/намалување на паричните средства** | **(9.310)** | **10.036** |
| **Парични средства на почеток на годината** | **17.495** | **7.459** |
| **Парични средства на крајот на годината** | **8.185** | **17.495** |

### *9.4. Извештај за промена на главнината на 31 декември 2024 (во 000 денари)*

| Позиција | Основна главнина | Задржана добивка/ загуба | Добивка/ загуба за годината | Резерви | Ревалоризирана вредност | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба на 1 јануари 2024** | **182.517** | **(9.881)** | **(20.727)** | **14.587** | **53.491** | **219.988** |
| Промена на сметководствени политики | | | | | | |
| ***Повторно утврдено салдо*** | ***182.517*** | ***(9.881)*** | ***(20.727)*** | ***14.587*** | ***53.491*** | ***219.988*** |
| **Промени на капиталот за 2024** | | | | | | |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | | | (15.139) | | | (15.139) |
| Трансфер/пренос на задржана добивка | | (20.727) | 20.727 | - | | - |
| **Состојба на 31 Декември 2024** | **182.517** | **(30.608)** | **(15.139)** | **14.587** | **53.491** | **204.849** |
| **Состојба на 1 јануари 2023** | **182.517** | **4.992** | **(14.874)** | **14.587** | **53.491** | 240.714 |
| Промена на сметководствени политики | | | | | | |
| ***Повторно утврдено салдо*** | ***182.517*** | ***4.992*** | ***(14.874)*** | ***14.587*** | ***53.491*** | ***240.714*** |
| **Промени на капиталот за 2023** | | | | | | |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | | | (20.727) | | | (20.727) |
| Трансфер/пренос на задржана добивка | | (14.874) | 14.874 | - | | |
| **Состојба на 31 Декември 2023** | **182.517** | **(9.881)** | **(20.727)** | **14.587** | **53.491** | **219.988** |

**Индикатори**

| Ред. Бр. | ОПИС | 2024 | 2023 | 2022 |
|---|---|---|---|---|
| I. | **ПОКАЗАТЕЛИ НА ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ** | | | |
| 1 | Финансиска сигурност - учество на капиталот и резервите во вкупната пасива во % | 94,78% | 97,72% | 95,51% |
| 2 | Степен на кредитна способност - однос меѓу капиталот и резервите, долгорочните резервирања и долгорочните обврски со постојанита средства во % | 130,52% | 126,85% | 133,04% |
| 3 | Степен на самофинансирање - однос меѓу капиталот и резервите, долгорочните резервирања и постојаните средства и залихите во % | 111,31% | 116,24% | 106,03% |
| 4 | Степен на покритие на тековни средства во % | -390,88% | -249,45% | -477,97% |
| II. | **ПОКАЗАТЕЛИ НА ФИНАНСИСКА ЛИКВИДНОСТ** | | | |
| 5 | Моментна ликвидност - однос меѓу паричните средства и хартиите од вредност и обврските | 0,73 | 3,40 | 0,66 |
| 6 | Тековна ликвидност - однос меѓу тековните средства намалени за залихите и обврските во % | 284,64% | 697,58% | 221,02% |
| 7 | Општа ликвидност - однос меѓу тековните средства и обврските во % | 524,80% | 1005,11% | 628,60% |
| 8 | Денови на врзување на побарувањата ( цел број) однос меѓу производот на вредноста на побарувањата и бројот на денови во годината спрема приходите од основна дејност и други активности | 43 | 38 | 30 |
| 9 | Денови на врзување на залихи( цел број) однос меѓу производот на вредноста на залихите и бројот на денови во годината спрема приходите од основна дејност и други активности | 49 | 33 | 78 |
| 10 | Денови на плаќање на обврските ( цел број) - однос меѓу производот на вредноста на кусорочните обврски и бројот на деновите во годината спрема трошоците од редовно работење | 18 | 9 | 17 |
| III. | **ПОКАЗАТЕЛИ НА ДЕЛОВНА УСПЕШНОСТ** | | | |
| 11 | Добивка од редовно работење и од вонредни активности пред оданочување по работник во денари | -522.037 | -668.605 | -381.376 |
| 12 | Добивка за финансиската година по работник во денари | -522.037 | -668.605 | -381.376 |
| 13 | Загуба за финансиската година по работник во денари | | | |
| 14 | Добивка за финансиската година во однос на вкупна актива во % | -7,00% | -9,21% | -5,90% |
| 15 | Добивка за финансиската година и амортизација во однос на вкупна актива во % | -3,74% | -5,87% | -2,67% |
| 16 | Добивка за финансиската година во однос на капитал и резерви во % | -7,39% | -9,42% | -6,18% |
| 17 | Однос меѓу добивка за финансиската година и приходите од редовно и вонредно работење во % | -7,28% | -11,34% | -6,48% |
| 18 | Просечна месечна бруто плата по работник во денари | 51,318 | 48,522 | 40,733 |
| 19 | Просечна месечна нето плата по работник во денари | 36,949 | 34,936 | 29,328 |
| 20 | Просечен број на вработени врзоснова на часови на работа - цел број | 29 | 31 | 39 |

Врз основа на остварените резултати од работењето може да се утврдат и показатели за финансиската успешност мерени преку различни показатели

***Финансиска стабилност***

Финансиската сигурност како соодност на трајниот капитал и вкупната пасива изнесува 94,78% (што е за 2,93% процентни поени помалку во однос на 2023 година).

***Ликвидност***

Во 2024 година Друштвото беше континуирано ликвидно во своето работење без блокади по било кој основ.

Побарувањата на Друштвото по сите основи се следат постојано и редовно се преземаат мерки и активности за нивна наплата.

Друштвото презема активности и за намирување на достасаните обврски спрема комитентите и добавувачите, при што е воспоставена целосна финансиска рамнотежа меѓу тековните средства од една страна и обврските од друга страна. Заради планирање и исплата на обврските на Друштвото кон сите субјекти, се води дневно, неделно и месечно планирање на истите.

***Економичност***

Економичноста во работењето е резултат на соодносот на вкупниот приход и вкупниот расход за 2024 година, при што коефициентот на ефикасност е 93,21% (што е за 3,40 процентни поени повеќе во однос на 2023 година).

***Рентабилност***

Рентабилноста во работењето, мерена со вкупниот приход во соодност со основните средства по сегашна вредност, во 2024 година изнесува 132,48% (што е за 27,10 процентни поени повеќе во однос на 2023 година).

***Профитна стапка***

Профитната стапка не се пресметува бидејќи друштвото има остварено загуба за 2024 година.

**10. Предлог за распределба на резултатот**

Загубата утврдена со Годишната сметка за 2024 година на ТЕАЛ АД Тетово која изнесува 15.139 илјади денари се предлага да се покрие до акумулирана добивка од минати години.

Извршен член на Одбор на директори

Васил Чорбаџиев

Тетово, 03.03.2025